ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 02.11.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

Фондот за здравствено осигурување на Македонија денес потпиша нов договор со болницата Филип Втори за изведување на кардио-васкуларно хируршки интервенции на товар на Фондот. Договорот е во согласност со ДСГ методологијата која предвидува плаќање на услугите според дијагнозите и процедурите што се извршуваат во здравствената установа, а осигурениците партиципираат според Скалата за партиципација со максимум до 6000,00 денари.

Договорот е во согласност со позитивните законски прописи за плаќање во болничката здравствена заштита и е во интерес на осигурениците на ФЗОМ. Според проценките на Фондот со новиот договор ќе се овозможи во оваа здравствена установа да се изведуваат месечно до 30 кардио-васкуларни хируршки интервенции повеќе отколку досега.

Со договорите по ДСГ методологија на ПЗУ „Филип Втори“ и ПЗУ „Систина“ како и конкуренцијата во хируршкото лекување на кардио-васкуларните заболувања, се овозможува и во иднина сите осигуреници навремено да ги добијат неопходните кардио-васкуларно хируршки интервенции без листи на чекање.

Бранко Аџигогов,
портпарол